општина СТРУМИЦА

# МЕСЕЧЕН ИНФОРМАТОР



*Општина Струмица - Еден од најбогатите региони со движно и недвижно културно наследство во државата*

ОВОЈ МЕСЕЦ:

## ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЈА ОДРЖА СВОЈАТА ПРВА, КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА

Во Собранието членуваат 17 организации, кои имаат задача да го формираат Локалниот младински совет. Со овој потег, се преземаат суштински чекори за активно младинско учество во јавниот живот, преку градење систем на градење младински политики.

Повеќе информации

ОВОЈ МЕСЕЦ:

## РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛ. “КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА“ Е ВО ТЕК

Се асфалтира на левата страна од улицата, како дел од целосната реконструкција на двете коловозни ленти покрај покриениот дел од каналот, во должина од 583 метри. Реконструкцијата ги опфаќа и тротоарите, како и изведба на ново атмосферско одводнување.

Повеќе информации

ОВОЈ МЕСЕЦ:

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОСТАДИНОВ ОДРЖА РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРКАТА ШУКОВА

Градоначалникот Костадин Костадинов одржа средба со Министерката за животна средина и просторно планирање Каја Шукова. На средбата разговараа за актуелните предизвици и нивните решенија од областа на заштитата на животната средина.

Повеќе информации




## “ДИГИТАЛИЗИРАНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО, НАПРЕДНО ЗЕМЈОДЕЛИЕ“

Со Договорот за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Струмица и Општина Василево, се поставува јасна функционална рамка која ќе биде од корист на младите претприемачи и земјоделци за зголемени приходи, а со тоа и за засилена локална и регионална економија, на двете општини. За остварување на оваа цел, ќе се отвори регионална канцеларија со Обучен центар за поддршка на земјоделството, туризмот и одржливиот економски развој во струмичкиот микрорегион. **Повеќе информации**

# Струмица во Мај, 2023

## ЗАПОЧНУВА ЗАПИШУВАЊЕТО НА ДЕЦА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

Запишувањето на децата во прво одделение во основните училишта во општина Струмица за учебната 2023/2024 година ќе се реализира во месец мај. Во новата учебна година, согласно Одлуката на Советот на општина Струмица бр.08-10359/1 од 30.12.2022 година, општина Струмица продолжува со доделување на еднократна парична помош на семејства со првачиња запишани за прв пат во општинските основни училишта.

Повеќе информации




## ПО ПОВОД ДЕНОТ НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ВО СТРУМИЦА НА 23. МАЈ ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРА СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ЗА ПРОСВЕТИТЕЛИ

Во рамки на академијата, на најдобрите просветни работници ќе се доделат признанија за нивната работа, иновативност и посветеност. Принципот на доделување на признанијата е по пат на пријава на наставници – кандидати од секое училиште од општината. Настанот се организира во соработка со самите училишта кои се јавуваат во форма на коорганизатори на свечената академија и програмата за време на истата.

***“За време на работната посета на Љубљана оствaривме средба со Авторитети одговорни за менаџмент на јавниот транспорт и одржување на превозните средства. Слушнав многу корисни информации и податоци и стекнав уште подобра слика за организацијата на јавниот транспорт во Струмица. Ги следиме искуствата, за прогрес на Струмица!“* – Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица.**

## МИСЛЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

СТРУМИЧАНИ РЕКОА

Во тек е реконструкција на улица “Крушевска Република“. Кои се вашите впечатоци? ***“Браво. Т.н. Порој односно Крушевска Република од најгрдата улица стана најубава. Немам зборови.” – изјави Димитар К.***

Кој е вашиот став за работата на Градоначалникот до сега? ***“Пример за одговорност, несебично залагање за довербата што ја доби од своите сограѓани, пред сѐ човек – почитуваниот Градоначалник на Струмица, г-дин Коста Костадинов кој треба да го следат и учат сите останати Градоначалници на Општините во РСМ” – изјави Елисавета Т. Ш.***

Што мислите во врска со стационарот “Лана“? ***“Ова е прекрасно да се види во Струмица, а треба и секаде во Македонија – посветеноста за да се подобри состојбата на сите бездомни кучиња и вдомување на истите.” – изјави Љубица Б.***

СПОДЕЛЕТЕ ГИ ВАШИТЕ МИСЛЕЊА, СТАВОВИ, КОМЕНТАРИ И ИДЕИ НА: INFO@STRUMICA.GOV.MK ИЛИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ФЕЈСБУК ПРОФИЛ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА.